A-PDF Image To PDF Demo. Purchase from www.A-PDF.com to remove the watermark

Република Северна Македонија
ОПШТИНА ЗРНОВЦИ
Бр. 09-462/27
26.06 2023 год.
ЗРНОВЦИ

Друштво за проектирање, инженеринг, трговија и услуги
МГ ПРОЕКТ ДООЕЛ
Бр. 03-617/3
26.06 2023 год.
СКОПЈЕ

ДОГОВОР ЗА ЈАВНА НАБАВКА

# ИЗРАБОТКА НА ПРОЕКТНА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА ИНФРАСТРУКТУРНИ ОБЈЕКТИ И СТРУЧНА РЕВИЗИЈА НА ИСТИТЕ ЗА ПОТРЕБИТЕ НА ОПШТИНА ЗРНОВЦИ

**Склучен на ден : 26.06.2023 год.,помеѓу:**

**1. Општина Зрновци, со седиште на ул. „Илинденска„ бр.186 –општина Зрновци, застапувана од Градоначалникот Борчо Коцев, во својство на одговорно лице на договорниот орган ( во натамошниот текст-Набавувач) и**

**2. Друштво за проектирање, инженеринг, трговија и услуги МГ ПРОЕКТ ДООЕЛ Скопје, со седиште на ул. „Никола Парапуов„ бр.27-3/20 -Скопје, со ДБ: 4057018540211 , ЕМБС: 7266960 , жиро с-ка 270072669600176,** депонент на Халк Банка, застапувано од управител Љубомир Терзиоски, (во натамошниот текст- Носител на набавката).

## ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ

**Член1**

**Предмет на овој Договор е -** *Изработка на проектна документација за инфраструктурни објекти и стручна ревизија на истите, сукцесивно за период од една година,за Дел 1 од предметот на јавната набавка* - **Изработка на проектна документација за инфраструктурни објекти, сукцесивно за период од една година,**

Предметот на набавка од ст.1 на овој член е детално опишан во техничката спецификација, составен дел на тендерската документација бр.

09-462/3, изработена од Набавувачот, а по Одлука за јавна набавка бр.09-462/1 од 04.05.2023 год., за спроведување на Набавка со Поедноставена отворена постапка, со користење на електронски средства преку Електронскиот систем за јавни набавки со е-Аукција, како последна фаза за доделување на договорот за конкретната јавна набавка.
Договорот за јавна набавка се склучува врз основа на прифатена конечна понуда по е-аукција бр.09-462/25 од 26.06.2023 год
., поднесена од Носителот на набавката , по Огласот за доделување на договор за јавна набавка бр. 08006/2023 објавен на ЕСЈН на ден 04.05.2023 год. , а врз основа на Одлуката за избор на најповолна понуда број 09-462/23 од 06.06.2023 година, донесена од одговорното лице на Набавувачот.

## ВРЕДНОСТ НА ДОГОВОРОТ

**Член 2**

За предметната набавка- Изработка на проектна документација за инфраструктурни објекти и стручна ревизија на истите, сукцесивно за период од една година (вкупно дел 1 и дел 2) се предвидени финансиски средства во износ од 1.000.000,00 денари (без пресметан ДДВ), односно 1.180.000 денари (со пресметан ДДВ).

За дел 1 -**Изработка на проектна документација за инфраструктурни објекти се предвидени 80% од вкупно планираните средства, односно** = 800.000,00 денари (без пресметан ДДВ) , =944.000,00 денари (со пресметан ДДВ) .

Финансиските средства се обезбедени во Буџетот на општина Зрновци.

**ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ДОГОВОРОТ**

**Член 3**

Договорот се склучува за временски период од една година, сметано од денот на потпишување на договорот.

Набавката ќе биде сукцесивна по потреба на договорниот орган и плаќањето ќе биде исклучиво за услуга која е нарачана и извршена .

Носителот на набавка ќе пристапува кон извршување на услугите кои се предмет на договорот **само по претходно писмено барање** на договорниот орган, кое ќе содржи вид на услугите согласно техничката спецификација (понудата) која е доставена после е-аукцијата, место и рок на извршување.

**ДИНАМИКА И НАЧИН НА ИЗВРШУВАЊЕ НА РАБОТИТЕ**

**Член 4**

Носителот на набавката е должен услугата која е предмет на договорот да ја изврши и испорача на следниов начин:

Испораката ќе се врши суксецивно (за секој проект), по потреба на договорниот орган во период од една година (сметано од денот на склучување на договорот) , по претходна нарачка од страна на договорниот орган која ќе содржи обем и рок за завршување на работите.

Проектите да се изработуваат на ниво на основен проект согласно важечките прописи во 4 хартиени примероци и еден во дигитална-електронска форма компактибилна со електронската форма во која се изготвуваат катастарските планови и согласно правилникот за содржина на проектите, означувањето на проектот, начинот на заверка на проектот од страна на одговорните лица и начинот на користење на електронските потписи.

Носителот на набавката е должен да го запази и во дадениот рок да ги изврши нарачаните услуги, во спротивно Договорниот орган го задржува правото да пресмета договорна казна, а во случај на не запазување на дадените рокови во три нарачки, Договорниот орган ќе го откаже договорот, по претходно писмено известување.

- ДО го задржува правото Договорот да не го реализира во целост туку во зависност од потребите.

**ДОГОВОРНА КАЗНА ЗА ЗАДОЦНУВАЊЕ ИЛИ НЕИСПОЛНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ**

**Член 5**

Во случај на доцнење со достава на предметната набавка од страна на Носителот, Набавувачот има право на надомест на штета и договорна казна-penali во висина од 0,1% дневно, од вредноста на Договорот.

Во случај на примена на ставот 1 од членот 5, Носителот на набавката е должен да му ја надомести штетата на набавувачот.

Набавувачот не може да бара договорна казна поради задоцнување, ако го примил исполнувањето на обврската, а не му соопштил на Носителот на набавката дека го задржува своето право на договорна казна.

Доколку Носителот на набавката доцни со исполнување на обврската, покрај правото на надомест на штета и договорна казна-пенали, Набавувачот има право еднострано да го раскине Договорот и да склучи Договор со следниот рангиран понудувач (доколку понудата е прифатлива).

## ИЗГОТВУВАЊЕ И ДОСТАВУВАЊЕ НА ФАКТУРА

### ЧЛЕН 6

При изготвување на фактурата Носителот на набавката е должен да ги наведе следните елементи:

-Назив на Набавувачот, место,седиште, даночен број

-Број и датум на Договорот, по кој се извршува работата

-Количини со опис на стоките и услугите, дефинирани по елементи од Спецификацијата, предмет на набавката

-Единечни цени на секој елемент на набавката

-Вкупни цени по елементи

-вкупна цена на фактурата

-Пресметка на ДДВ и валута на плаќање

## НАЧИН, УСЛОВИ И РОКОВИ НА ПЛАЌАЊЕ

### Член 7

Набавувачот се обврзува плаќањето на преземаната услуга да го врши на следниот начин:

Набавката ќе биде сукцесивна по потреба на договорниот орган и плаќањето ќе биде исклучиво за услуга која е претходно нарачана и извршена .

Плаќањето на услугите кои се предмет на овој договор ќе се врши во рок од 30 дена по доставување на конечна фактура и испратница за извршени услуги, што ја доставува Носителот на набавката, уредно потпишани за извршен прием на услугите .

Завршниот извештај ќе се достави до Нарачателот во примерен рок по завршување на услугите, уредно потпишан од Нарачателот и Носителот на набавката.

## КВАНТИТАТИВНА И КВАЛИТАТИВНА КОНТРОЛА

### Член 8

Квантитативен и квалитативен прием на примената услуга врши набавувачот со увид и контрола на документацијата од двете договорни страни договорни страни и во присуство на стручно лице. Испитувањето на квалитетот и квантитетот се врши визуелно уште со примопредавањето на договорените услуги.

**Член 9**

Набавувачот може да изврши и дополнителни контроли на квалитетот на услугите со дополнителни независни испитувања и контроли на квалитетот кај овластена институција доколку смета за потребно или се сомнева во квалитетот на примените услуги.

## ОДГОВОРНОСТ ЗА МАТЕРИЈАЛНИТЕ НЕДОСТАТОЦИ

**Член 10**

Материјален недостаток постои ако:

-Услугите според понудата ги немаат потребните својства за намената за која се извршуваат,

-Услугите ги немаат својствата и одликите што се договорени-пропишани во техничката спецификација.

**Член 11**

Набавувачот е должен доколку открие одредени недостатоци на применатa услуга, веднаш или најдоцна во рок од 8 (осум) дена да го извести Носителот на набавката. Во спротивно Носителот на набавката нема да одговара за недостатоците.

Носителот на набавката го гарантира квалитетот на извршената услуга.

## ВИША СИЛА

**Член 12**

Набавувачот и Носителот на набавката се согласни ниту една договорна страна да не поднесува одговорност-губиток, доколку се работи за губиток предизвикан од виша сила, согласно утврдените случаи на виша сила со Законот за облигациони односи.

## ОШТЕТУВАЊЕ

**Член 13**

Носителот на набавката е должен на Набавувачот да му ја надомести штетата преизвикана поради неисправност или недостатоци на предметната набавка, согласно Законот за облигациони односи и Законот за заштита на потрошувачите.

## РЕШАВАЊЕ НА СПОРОВИ

**Член 14**

Сите евентуално настанати спорови и недоразбирања кои би произлегле од овој Договор, првенствено договорните страни ќе ги решаваат во духот на добрите деловни обичаи со меѓусебно договарање.

Доколку не постои добро расположение за решавање наспорот, во рок од 10 дена истиот ќе биде препратен на решавање преку арбитражна комисија која ја сочинуваат 3 лица.

Комисијата ја сочинуваат по едно избрано лице од страна на набавувачот, едно лице од Носителот на набавката, а третиот член го избираат двете договорни

страни од редот на Арбитражниот суд на Стопанска комора на Република Северна Македонија.

Доколку и арбитражната комисија не предложи обострано прифатливо решение, спорот ќе се решава преку Основниот суд во Кочани.

**РАСКИНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ**

**Член 15**

Кога едната договорна страна не ги исполни обврските од овој Договор, другата договорна страна може да го раскине Договорот, со достава на известување до другата договорна страна со наведување на причините за раскинувањето.

**КОРУПЦИСКО ИЛИ ИЗМАМНИЧКО ОДНЕСУВАЊЕ**

**Член 16**

Договорните страни се согласни да ги применуваат одредбите највисоките стандарди за етичко и законито однесување за време на реализација на Договорот.

**ПРИМЕНЛИВ ЗАКОН**

**Член 17**

За се што не е предвидено со овој Договор ќе се применуваат одредбите од Законот за облигациони односи и позитивните законски прописи на Република северна Македонија.

**ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

**Член 18**

Измени и дополнувања на Договорот можат да се вршат со заедничка согласност на договорните страни по писмен пат, исклучиво со Анекс Договор кој одговара на одредбите на Законот за јавни набавки и Тендерската документација.

**Член 19**

Овој Договор е склучен во 4 (четири) истоветни примероци од кои 2 (два) за Набавувачот и 2 (два) за Носителот на набавката.

**НАБАВУВАЧ,** | **НОСИТЕЛ НА НАБАВКАТА,**

Република Северна Македонија Градоначалник Зрновци, Општина Зрновци | МГ ПРОЕКТ ДООЕЛ Скопје

**Прилог:**Понуда после е-аукција со Спецификација бр.09-462/25 од 26.06.2023 год.